година претседател
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Билјана Јорданова од Седларци

Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства на Билјана Јорданова од с.Седларци, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 31.01.2023 година.

08-150/2 Општина Василево
01.02.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 31.01.2023 година, донесе

О Д Л У К А

за одобрување на финансиски средства на Билјана Јорданова од с.Седларци

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува финансиски средства во висина од 10.000 денари на Билјана Јорданова од с.Седларци.

Член 2

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2023 година а ќе се исплатат на сметка на Билјана Јорданова од с.Седларци

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Василево“.

08-150/1 Совет на Општина
01.02.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за одобрување на градежен материјал на о.Ѓорги Динов, парох во Нова Маала при црквата „Успение на Пресвета Богородица”

Се објавува Одлуката за одобрување на градежен материјал на о.Ѓорги Динов, парох во Нова Маала при црквата „Успение на Пресвета Богородица”, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 31.01.2023 година.

08-151/2 Општина Василево
01.02.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 31.01.2023 година, донесе

О Д Л У К А

за одобрување на градежен материјал на о.Ѓорги Динов, парох во Нова Маала при црквата „Успение на Пресвета Богородица”

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува градежен материјал во висина од 60.000 денари на о.Ѓорги Динов, парох во Нова Маала при црквата „Успение на Пресвета Богородица”,

Член 2

Средствата за оваа намена се обезбедуваат од буџетот на општина Василево, а до архивата на општина Василево ќе се достави фактура од правното лице од кое е набавено градежниот материјал.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на општина Василево“.

08-151/1 Совет на Општина
01.02.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на

општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Василево за 2023 година

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Василево за 2023 година, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 31.01.2023 година.

08-152/2 Општина Василево
01.02.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11, 192/15, 219/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.244/2019, 82/20, 53/21, 77/21и 150/21) и член 22 од Статутот на Општина Василево ("Службен гласник на Општина Василево бр.12/20), Советот на општина Василево на 19-та седница одржана на 31.01.2023 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Василево за 2023 година

Член 1
Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Василево за 2023 година на следниот начин

Програма Потставка	БУЏЕТ	САМОФИНАН	ДОТАЦИИ	ДОНАЦИИ	КРЕДИТИ
ГД0 Уредување на простор во рурални подрачја					
482920 Изградба на други објекти	-1.300.000	0	0	0	0
481110 Подготовка на проекти	1.300.000	0	0	0	0
	0	0	0	0	0

Бр 08-152/1
01.02.2023

Претседател на совет на
Општина Василево
Risto Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за комунални дејности на подрачјето на општина Василево за 2023 година

Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за комунални дејности на подрачјето на општина Василево за 2023 година донесена на седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 31.01.2023 година.

08-153/2 Општина Василево
01.02.2023 Градоначалник
Година Славе Андонов

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 22 од Статутот на Општина Василево-Пречистен текст(„Службен гласник на општина Василево“ бр. 12/2020), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 31.01.2023 година ја донесе следната:

П Р О Г Р А М А
за измена и дополнување на Програмата за комунални дејности на подрачјето на општина Василево за 2023 година

Член 1

Во член 1 се додава нова точка 3 која гласи :

“Средства обезбедени од Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во износ од 848.766,00денари;”

Во член 1 по зборовите Вкупно се бришат броевите 3.130.000 и гласи :

,,Вкупно: 4.014.766,00 денари “ .

Член 2

Во член 2 став 5 J80 Други комунални услуги се додава нова точка 2 која гласи:

,, Изградба на пристапен пат за пристап до земјоделско земјиште Крак-3 во населено место Василево – тампонирање”.

Во член 2 став 5 J80 Други комунални услуги по зборовите Вкупно се бришат броевите 1.800.000 и гласи:

,, Вкупно:2.648.766,00 денари” .

Член 3

Оваа програма стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службениот гласник на општина Василево.

08-153/1 Совет на Општина
01.02.2023 Василево
Година претседател
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Василево за 2023 година

Се објавува Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Василево за 2023 година донесена на седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 31.01.2023 година.

08-154/2 Општина Василево
01.02.2023 Градоначалник
Година Славе Андонов

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 22 од Статутот на Општина Василево-Пречистен текст(„Службен гласник на општина Василево“ бр. 12/2020), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 31.01.2023 година ја донесе следната:

П Р О Г Р А М А
за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Василево за 2023 год.

Вовед

- Општ дел

Со донесување на новиот закон за Градежно земјиште (сл.весник на Р.М. бр.15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19) градежното земјиште може да биде во сопственост на Р.С.М., општините, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува: право на градење на земјиштето, право на користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште во атарот на општина Василево, донесува Советот на општина Василево.

Со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија управува Владата на Р.С.М.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините на градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Северна Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Северна Македонија , а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес и го врши општината. Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и не уредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изградено објект од траен карактери земјиштето што служи за редовна уптреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиштето на кое нема изградено комунална инфроструктура.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка документација.

На територијата на Општина Василево, се стационирани седумнаесет населени места и тоа: Василево, Пиперево, Градашорци, Ангелци, Седларци, Едрениково, Владиевци, Сушево, Доброшинци, Нова Маала, Висока Маала, Чанаклија, Радичево, Дукатино, како и Трибичино, Нивичино и Варварица кои скоро се иселени. Седиштето на Општината е во населбата Василево.

Како урбанистичка документација со која се вршело уредување на просторот на територијата на општина Василево, се располага со податоци за:

-Населеното места Василево со одлука бр. 07-333/1 од 02.06.1999 годна е покриено со генерален урбаностички план за село;

-Населено место Сушево со Општ акт со Одлука бр 07-683/2 од 15.12.1988 година,

-Населено место Нова Маала со Општ акт со Одлука бр.07-374/1 од 14.07.2000 година;

-Населените места Ангелци, со Урбанистички план за село, со Одлука бр. 08-1153/1 од 08.07.2022 година;

-Населените места Градошорци, со Урбанистички план за село со Одлука бр. 08-1152/1 од 08.07.2022 година;

-Населено место Владиевци, со Урбанистички план за село со Одлука бр. 08-1154/1 од 08.07.2022 година;

-Населено место Пиперево со Урбанистичка документација со Одлука бр. 02-867/1 од 31.12.1987 година,

-Населените места Доброшинци, Седларци, Чанаклија, Едрениково, Радичево и Дукатино постои градежен опфат за населено место со кои согласно законските прописи се издава документација за градба.

-Урбанистички план вон населено место – с. Градошорци со Одлука бр. 07-1602/1 од 06.11.2006 година,

-Урбанистички план вон населено место Градошорци за стопански комплекс за производно дистрибутивен откупен центар за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи на дел од КП бр. 386, МВ Гладно поле, КО Градошорци, и

-Урбанистички план вон населено место с. Владевци со Одлука на Совет 07-1118/1 од 09.08.2006 година.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или повеќе катастерски парцели. Објект од траен карактер е објект изграден со докуметација (оддобрение) и заведен во јавните книги за недвижности, а објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбаноистичка документација. Времените објекти не се дел од

градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфроструктурен објект може да биде подземна или надземна градба за инсталаци од комуналната инфроструктура.

Прометот на градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на РСМ може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, размена или да се востановат други стварни права.

- Просторен опфат и предмет на Програмата

Предемет на програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Р.С.М што се наоѓа на територијата на општина Василево дефинирана според територијалната организација на РСМ, за време на календарската 2023 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп на градежното земјиште изработена е мапа на општината со локаци на државното градежно земјиште.

Важен фактор на оваа постапка е и катогоријата урбанистички план односно урбанистички планови врз основа на кои се издава одобрение за градба.

Во текот на годишната програма за 2023 година се предвидува предмет на менаџирање со геадежното земјиште во сопственост на РСМ да биде градежната парцела што се наоѓат на територииите на населеното место - Градошорци вон населено место.

- Урбанистички план вон населено место – с. Градошорци донесена со Одлука на советот на ОВ бр. 07-1602/1 од 06.11.2006 година, и тоа КП бр.1330/1 МВ Фиданки КО Градашорци вон, односно ГП 56 и 57 намена преработка на земјоделски производи.

- Основи за изработка на програмата

- Законски основ

Законски основ на програмата за управување со градежно земјиште се Закон за локална самуправа (Сл,Весник на РМ 5/2002), Закон за Градежно земјиште (Сл.весник на Р.М. бр.15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, број 275/19) и член 21од Статутот на Општина Василево (Сл.Гласник бр 04/03, 08/06 и 09/10).

- Основни плански документи

Други документи потребни за изработка на Програма се следните стратешки развојни и плански документи донесени на локално ниво.

Програма за развој на Југоисточен плански регион 2021 - 2026, со визија Општина Василево – посакувано место за жителите инвеститорите и туристите со погодни услови за брз социјален, економски и културен развој, развиена инфраструктура и чиста и здрава животна средина и - цел - постигнување на одржлив развој на руралните подрачја.

Стратегија за биолошка разновидност и Акционен план за југоисточниот плански регион –со визија Регионот Струмичка котлина - препознатлива еколошка чиста средина, со природни реткости, развена туристичка инфроструктура со развиена туристичка понуда со традиционална храна.

Регионален план за управување со отпад во југоисточниот плански регион.

План за управување со отпад на општина Василево 2017 – 2022 година

Генерален урбанистички план на Василево усвоен од Советот на општина Василево со Одлука бр 07-333/1 од 02.06.1999 година.

Урбанистички план за вон населено место Градошорци усвоен од Советот на општина Василево со Одлука бр 07-1602/1 од 06.11.2006 година.

Урбанистички план вон населено место с. Владевци со Одлука на Совет 07-1118/1 од 09.08.2006 година.

Лица вклучени во изработка на Програмата

- Б

ранко Андонов, дипломиран економист, Раководител на одделението за комунални работи, урбанизам и ЛЕР;

ГЛАВИ НА ПРОГРАМАТА

1.Цели на програмата

- Општи цели на Програмата

Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој на населените места.

- Конкретни цели на програмата за населени места, урбани блокови и локалитети.

Заинтерисираните граѓани во изградба на сопствени простории за обавување на предвидената дејност можат да ја реализираат својата потреба, согласно усвоената урбанистичка документација за населените место, а со тоа да придонесат за развој на свето населено место, преку користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување подобри услови за живеење.

2.Обем и преглед на градежното земјиште што е предмет на Програмата (групирани по урбанистички план)

- КП бр.1330/1 МВ Фиданки КО Градашорци вон, односно ГП 56 и 57 намена преработка на земјоделски производи.
- Графички прилог со обележани градежни парцели што ке бидат предмет на менаџирање во тоа населено место, идентификувани со број на градежните парцели.



А. Градежни парцели што ќе бидат предмет на оттуѓување по јавно надавање

Табела за следните информации

-Број на градежна парцела **56 и 57**

-Вкупна површина на градежна парцела **(16 00 + 1 13 66) = 1 29 66 м²**

-Намена на земјиштето(основна каласа)

-Намена на земјиштето(опис) **преработка на земјоделски производи**

-Броеви на катастерските парцели во состав на градежната парцела **КП 1330/1**

-Површина за градба **(16 00 + 1 13 66) = 1 29 66 м²**

-Бруто развиена површина **1 85 23 м²**

-Процент на изграденост **70%**

-Коефицент на изграденост

-Максимално дозволена површина **1 29 66 м²**

-Почетна/Утврдена цена по метар квадратен,и

-Вкупна почетна/утврдена цена

II. Согласно Урбанистички план вон населено место- с. Градошорци (УПВНМ) донесен со Одлука на совет ОВ бр. 07-1602/1 од 06.11.2006 година, се предвидени поединечни податоци за градежните парцели бр. 56 и 57 кои ке бидат предмет на менаџирање и тоа:

ГП. Бр. 56



ГП. бр. 57

Б.Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање НА долготраен закуп по пат на надавање

- нема

В.Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање краткотраен закуп по пат на издавање

- нема

Г.Градежни парцели што ќе бидат предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство

- нема

3.Маркетинг стратегија за промоција на градеѓно земјиште што е предмет на оваа програма

Дефинирање на целна група за одделни групи на градежни парцели

- Определување на маркетинг стратегија започнува со дефинирање на целната група на инвеститори т.е претпоставување на заинтерисираните страни за купување или изнајмување на одредени делови од градежното земјиште.

Дефенирање на временската рамка за инплементација на маркетинг стратегијата

- Маркетинг пристапот, алатките и каналите за комуницирање т.е. промовирање се лимитирани од повеќе аспекти, но главно од финансиската моќ на општината, а при тоа запазувајќи го законскиот минимум на јавно огласување.

- Како и да е, маркетинг стратегијата мора да обезбеди испраќање на вистинска, навремена и прецизна инфомација на вистинска адреса.

Лица задолжени за инплементација на маркетинг стратегијата

-Од страна на општината е формирана комисија за продажба на градежното земјиште во државна сопственост која ке ја спроведува целата постапка за оптуѓување на земјиштето.

4. Динамика на реализација на програмата

- Со цел минимизирањето на финасиските трошоци поврзани со објавата на оглас за оттуѓување, се предвидува градежната парцела предвидена за оваа годишна програма за оттуѓување во 2023 година да се изврше еднаш.

Пропишување на условите за наддавање.

- Определувањето на висината на депозитот за учество од минимун 10 %.
- Определување на интернет страницата на која ќе се врши наддавањето,
- Одредување на услови за учество и пропишување на други обврски, или наведување на останатите релевантни информации во врска со наддавањето, ке го врши комисијата за спроведување на отуѓувањето на градежното земјиште во согласност на законските прописи од таа област.

Лица надлежни за реализација на програмата

- Формираната комисија за продажба на градежното земјиште од страна на општината, која ќе ја спроведува целата постапка за отуѓување на земјиштето, ке биде надлежна за реализација на програмата.

5. Проценка на финанскитите приливи по основ на реализација на програмата (Придходна страна на програмата)

1.000.000 денари

6. Проценка на финансиските сретства потребни за реализација на програмата

(Расходна страна на програмата)

-Финансиските средства потребни за реализација на програмата се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

1. Трошоците по основ на администратирање на постапките за одтуѓување,
односно давање под закуп градежно земјиште;

2.Трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежните локации што
ке бидат предмет на одтуѓување.

7. Преодни и завршни одредби

- Програмата ја усвојува советот на општината.
- Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која се донесува.
- За спроведување на оваа програма надлежен е градоначалникот на општината.
-Програмата влегува во сила од денот на објавувањето во службениот гласник на општината.

08-154/1 Совет на Општина
01.02.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Програмата за третирање на животните бездомници на подрачјето на општина Василево за 2023 година

Се објавува Програмата за третирање на животните бездомници на подрачјето на општина Василево за 2023 година донесена на седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 31.01.2023 година.

08-155/2 Општина Василево
01.02.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 22 од Статутот на Општина Василево-Пречистен текст(„Службен гласник на општина Василево“ бр. 12/2020), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 31.01.2023 година ја донесе следната:

П Р О Г Р А М А
за третирање на животните бездомници на подрачјето на општина Василево за 2023 година

1. Вовед

Програмата за контрола на популацијата на бездомните кучиња на подрачјето на Општина Василево за 2023 година, има за цел да го прикаже видот и обемот на работите за одржување на конролата на

популацијата на бездомните кучиња на подрачјето на сите населените места во општината, како и начинот на нивното финансирање.

Редовната контрола на бездомните кучиња ќе се реализира со примена на соодветна динамика и интензитет на работните операци прикажани во табеларните прегледи.

2. Организација на контролата на популацијата на бездомни кучиња

Реализацијата на Програмата се спроведува преку:

- Одржување на контролата на популацијата на бездомните кучиња на подрачјето на општина Василево како и депонијата во населеното место Доброшинци.

1.Контролата на популацијата на бездомните кучиња на подрачјето на Василево и населените места како и депонијата во населеното место Доброшинци.

Општината преку свој преставник како секоја година и оваа година изврши теренска контрола на својата територија при што беа мапирани сите бездомни кучиња нивните локации како и нивниот пол. Според дадените информации изготвено е табеларен приказ на бездомни кучиња во општина Василево.

Ред.Бр.	Населени Места	Локација	машки	женски	вкупно
1.	Василево	Пред ООУ Гоце Делчев	3	2	5
2.	Нова Маала	Пред ООУ Атанас Нивичански	1	1	2
3.	Доброшинци	Регионална депонија	2	2	4
вкупно			6	5	11

Во другите населени места во општина Василево нема бездомни кучиња од причина што во овие населени места нема јавни објеки кои се занимаваат со производство и дистрибуција на храна. Мапирање на бездомните кучиња ќе се врши континуирано.

3. Заловување на бездомни кучиња на територијата на општина Василево

Заловувањето на бездомните кучиња ќе го врши ДТУ,,АНРИ ВЕТ" од Стојаково општина Богданци, прифатилиште кое е одобрено од АХВ со кој општината има склучено договор. Целта на заволувањето е да се изврши:

1. Обележување на бездомните кучиња со поставување на околовратник во боја или ушна маркица
2. Преглед и проверка дали кучињата се позитивни на лајшманиоза
3. Прегледување и вакцинирање од заразни болести
4. Поставување на микрочип за следење
5. Кастирање и стерализирање
6. Еутанизација
7. Спроведување на тест за социјализација

1. Обележување на бездомните кучиња ќе се прави со поставување на околувратник во боја или ушна маркица се со цел да се познаваат кои кучиња се бездомни а со тоа ќе се има целосна контрола над нив.

2. Со кучињата кои ќе бидат позитивни на лајшманиоза ќе се постапува согласно актуелната годишна наредба за здравствена заштита на животните ќе го утврди ветеринарел лекар од ДТУ,,АНРИ ВЕТ" од Стојаково, прифатилиште кое е одобрено од АХВ.

3. Прегледувањето на бездомните кучиња ке го врши ветеринарен лекар од правниот субјект ДТУ,,АНРИ ВЕТ,, се со цел да се види во каква здравствена состојба се и истите од страна на ветеринарниот лекар ке бидат вакцинирани од заразни болести.

4. Поставување на чип за следење е од голема важност за општината преку овој чип ке може да се следи движењето на бездомните кучиња односно нивно мигрирање од една локација на друга. Со поставувањето на чипови ќе се има поголема контрола на бездомните кучиња.

5. Кастрирањето и Стерелизацијата е со цел да не се зголеми популацијата на бездомните кучиња на територијата на општина Василево. Овие операции ке ги прави ветеринарен лекар на правниот субјект ДТУ,,АНРИ ВЕТ, во содветни ветеринарни простори кои се пропишани со закон.

6. Еутанизацијата може да се случи од две причини:

- кога некои од бездомното кучиња има заразна болест која може да се пренесе на лугето и животните
- Бездомните кучиња кои се многу агресивни и се потенцијална опасност за жителите на општина Василево.

Еутанизацијата веднаш не се прави. Прво се прават одредени чекори односно кога некое од бездомните кучиња се утврди дека е заболено од заразна болест истото ќе се изолира во посебна просторија и ќе биде под карантин. Ветеринарниот лекар ке се обиде да го излекува, ако не може да се излекува тогаш се еутанизира.

7. Спроведување на тест за социјализација

Секое заловено бездомно куче треба да биде проверено на агресивност, односно од страна на овластено лице да му се изврши тест за социјализација. Доколку кучето не го положи тестот за социјализација, истото се прогласува за опасно и не може да биде вратено на реонот на заловување, а само може да биде вдомено. Тоа куче треба да се понуди на вдомување преку медиуми, социјални мрежи, оглас веб стран и слично и огласот да трае најмалку 20 дена. По 30 дена сметајќи од денот на вршење на тестот за социјализација, ако никој не сака да го вдоми кучето, истото се еутаназира.

Секое куче кое ќе излезе од прифатилиште (вратено, вдомено) треба да биде идентификувано со микрочип а податоците треба да бидат внесени во Информативниот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство (тоа го прави ветеринарното друштво од прифатилиштето).

4. Извршител на програмата

Задолжен субјект за извршување на активностите предложени со оваа Програма е ДТУ„АНРИ ВЕТ” Стојаково, општина Богданци. ДТУ„АНРИ ВЕТ” Стојаково, прифатилиште кое е одобрено од АХВ, кое ќе изготвуви Годишен извештај за работа, кој го содржи описот на услугата и динамиката на нивно извршување, поделбата на територијата по населени места преглед за секое населено место, како и потребните средства кои се дадени во табелата по опис на услуга.

1	2	3	4	5	6
Опис на услугата	Единица мерка	Количина	Единечна цена без ДДВ	Вкупна цена без ДДВ (3*4)	ДДВ
Заловување и транспорт до прифатилиште, враќање во реонот	број	1	3500	3500	630
Преглед	број	1	300	300	54
Лабараториско испитување на Лајшманија	број	1	1000	1000	180
Вакцинирање против беснило	број	1	500	500	90
Стерилизација (кастрација) за куче-машко	број	1	1000	1000	180
Стерализација (овариоктомија) за куче женско	број	1	2000	2000	360
Дехелменитзација (обезпаризитување)	број	1	100	100	18
Идентификација (микрочип и околувратник во боја)	број	1	1000	1000	180
Еутаназија	број	1	1000	1000	180

Заловување и транспорт до прифатилиште, транспорт до депонија	број	1	50	50	9
Асистенција за заловување на агресивни кучиња со фаталка (со вклучен превоз)	број	1	50	50	9
Асистенција за заловување на агресивни кучиња со амазонка-дувалка со соодветен анестетик (со вклучен превоз)	број	1	50	50	9
Престој во прифатилиште од ден	број	1	500	500	90
Спроведување на тестот за социјализација	број	1	1000	1000	180
Се вкупно без ДДВ: 12050 денари (дванаесет илјади и педесет денари) Вкупен износ на ДДВ изнсува 2169 денари (две илјади сто шеесет и девет денари)					

Цените за работите околу одржувањето, и контролата на популацијата на бездомните кучиња, кои ги врши ДТУ„АНРИ ВЕТ„ од Стојаково се дефинирани согласно понудата за ваков вид на услуги.

6. НАДЗОР

Надзор над извршувањето на оваа програма врши Градоначалникот на општина Василево

Инспекциски надзор врши овластениот комунален инспектор на општина Василево.

7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Василево".

08-155/1 Совет на Општина
01.02.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за збратимување на Општина Василево со Општина Согут

Се објавува Одлуката за збратимување на Општина Василево со Општина Согут, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 31.01.2023 година.

08-156/2 Општина Василево
01.02.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

Врз основа на член 14 став 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ'' бр.5/020), член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 31.01.2023 година, донесе

ОДЛУКА

за збратимување на Општина Василево со Општина Согут

Член 1

Општина Василево се збратимува со Општина Согут – Република Турција.

Член 2

Соработката е во областа на културата, економијата, социјалната заштита, спортот и урбанизмот.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник“ на Општина Василево.

08-156/1 Совет на Општина
01.02.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за доделување на градежен материјал

Се објавува Одлуката за доделување на градежен материјал, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 31.01.2023 година.

08-157/2 Општина Василево
01.02.2023 Градоначалник
Година Славе Андонов

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 22 од Статутот на Општина Василево-Пречистен текст(„Службен гласник на општина Василево“ бр. 12/2020), Советот на Општина Василево на својата

редовна седница одржана на ден 31.01.2023 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

за доделување на градежен материјал

Член 1

Со оваа одлука се одобрува градежен материјал во износ од 60.000 денари за реновирање на ПОУ „Атанас Нивичански" Висока Маала.

Член 2

Средствата за оваа намена се обезбедуваат од буџетот на општина Василево, а до архивата на општина Василево ќе се достави фактура од правното лице од кое е набавено градежниот материјал.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник" на Општина Василево.

08-157/1 Совет на Општина
01.02.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за за прифаќање на донација

Се објавува Одлуката за прифаќање на донација, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 31.01.2023 година.

08-158/2 Општина Василево
01.02.2023 Градоначалник
Година Славе Андонов

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 31.01.2023 година, донесе

ОДЛУКА

за прифаќање на донација

Член 1

Општина Василево ја прифаќа донацијата за реновирање на ПОУ „Атанас Нивичански" Висока Маала од невладината организација „Rumeli Türkleri Kültür ve Dayanışma Derneği" од Турција.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник" на Општина Василево.

08-158/1 Совет на Општина
01.02.2023 Василево
Година претседател
Ристо Делијанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Здружение на ловци и риболовци „Гоце Делчев” - Босилово

Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства на Здружение на ловци и риболовци „Гоце Делчев” - Босилово, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 31.01.2023 година.

08-159/2 Опшптина Василево
01.02.2023 Градоначалник
Година Славе Андонов

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 31.01.2023 година, донесе

О Д Л У К А

за одобрување на финансиски средства на Здружение на ловци и риболовци „Гоце Делчев” - Босилово

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува финансиски средства во висина од 10.000 денари на Здружение на ловци и риболовци „Гоце Делчев” – Босилово, за организирање на Ловечка вечер на ден 11.02.2023 година

Член 2

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2023 година а ќе се исплатат на сметка на Здружение на ловци и риболовци „Гоце Делчев” – Босилово.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Василево“.

08-159/1 Совет на Општина
01.02.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов